**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6379 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: 11 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 11 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават: какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 декември 2016 година, на државно ниво, е констатирано дека спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, во директното вклучување од прес-конференцијата на Министерството за внатрешни работи и Бирото за јавна безбедност, од страна на портпаролот на МВР, при соопштувањето податоци за регистрирани инциденти во Чаир и Шуто Оризари, е откриен идентитетот на два политички субјекта, ДУИ и ДПА. Дополнително, во продолжение на прес-конференцијата, е емитувана кратка изјава на директорот на Бирото за јавна безбедност, Митко Чавков, кој е носител на функција во орган на власта.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

11.12.2016

| Програма | Период на емитување на прекршокот | | Опис |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Прес конференција на МВР и БЈБ – директно вклучување (13:38:10 – 13:47:17) | 13:38:17 | 13:38:31 | Во директното вклучување од прес-конференцијата на МВР и БЈБ, од страна на портпаролот на МВР, при соопштувањето податоци за регистриран инцидент во Чаир, е откриен идентитетот на политичкиот субјект ДУИ. |
| | 13:42:10 | 13:42:33 | Во директното вклучување од прес-конференцијата на МВР и БЈБ, од страна на портпаролот на МВР, при соопштувањето податоци за регистриран инцидент во Шуто Оризари, е откриен идентитетот на политичките субјекти ДПА и ДУИ. |
| | 13:46:51 | 13:47:17 | Во директното вклучување од прес-конференцијата на МВР и БЈБ, е емитувана кратка изјава на директорот на Бирото за јавна безбедност, Митко Чавков, носител на функција во орган на власта, која е прекината од страна на телевизијата. |

*Сектор за програмски работи*